Проектот е финансиран
од Европската Унија

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Партнер институција за имплементација

Food and Agriculture
Organization of the
United Nations

Проектот е ко-финансиран
и спроведуван од ФАО

# Консолидација на земјоделско земјиште во Трн - Информативен билтен

**Септември 2021, број # 2**



©FAO

Овој билтен има за цел да ги информира учесниците во постапката за консолидација на земјоделско земјиште во Трн, Општина Битола, за досегашните и претстојните активности од спроведување на консолидацијата.

Консолидација на земјоделското земјиште е државна политика за подобрување на неповолната структура на земјоделското земјиште преку окрупнување на раситнетите парцели. Во моментот, консолидацијата се спроведува во седум (7) подрачја во државата, вклучително и во Трн, во рамки на проектот МАИНЛАНД финансиран од Европската Унија и ФАО. Во подрачјата Конче (Општина Конче) и Егри (Општина Битола) консолидацијата на земјоделско земјиште успешно се спроведе во 2019 и 2020 година.

## Состојба на земјоделско земјиште и земјоделска инфраструктура во с. Трн

**Површина на земјоделско земјиште:** 329 хектари (ха)

**Број на сопственици:** 249

### Пред консолидација

**Број на земјишни парцели:** 755

**Просечен број на парцели по сопственик:** 4,1 парцели

**Просечна големина на парцела:** 0,43 ха

Парцелите се со **неправилна форма** и се **просторно оддалечени** една од друга.

**Недоволни и застарени пристапни патишта** до парцелите (43% од парцелите немаат пристап до пат).

**Застарени канали за одводнување** кои го зголемуваат ризикот од поплавување на нивите.




Мапа на консолидационо подрачје Трн

### После консолидација

**Намален вкупниот број на земјишни парцели.**

**Намален просечниот број на парцели по сопственик.**

**Зголемена просечната големина на парцелите.**

Парцелите ќе добијат **правилна форма,** ќе бидат групирани околу најголемата/најпосакуваната парцела на сопственикот/ или кадешто најмногу се концентрирани сегашните парцели на сопственикот.

**Пристапни патишта до ново-формираните парцели.**

**Санирани постојни и изградени нови канали за одводнување.**

## Досегашни активности за консолидација на земјиште во Трн

### Прва фаза (завршена) – Студија за оправданост за консолидација на земјиште

√ Спроведена **Студија за оправданост** во **јуни 2019** година;

√ Потврдена оправданост и интерес на земјоделците за консолидација на земјоделското земјиште во Трн;

√ Утврдена потреба за инвестиции во подобрување на земјоделската инфраструктура во Трн - изградба на пристапни патишта до ново-формираните парцели, обновување на постојните и изградба на нови канали за одводнување.




### Втора фаза (во тек) - Планирање на распределба на земјоделското земјиште и дизајнирање на потребната земјоделска инфраструктура во Трн

√ Врз основа на позитивните резултати од Студијата за оправданост, со Одлука на Владата на Република Северна Македонија на 14 декември 2019 г. официјално започна и во тек е втората фаза од постапката за консолидација на земјоделско земјиште во Трн – **планирање на распределба на земјоделското земјиште и дизајнирање на потребната земјоделска инфраструктура.**

### Собрание на учесници во консолидацијата

√ На **17 октомври 2020** година успешно се одржа Собранието на учесници во постапката за консолидација во Трн, со присуство на повеќе од 50 проценти од сите регистрирани сопственици на земјиште.

√ На Собранието се формираше **Одбор на учесници во консолидацијата** кој ги застапува општите интереси на сопствениците на земјиште и служи како консултативно тело за координација со МЗШВ и тимовите на геодетската компанија Гео Балкан и ФАО.

√ По успешното Собрание, во МЗШВ се формираше **Комисија за спроведување на постапка за консолидација** во Трн, која врши надзор и спроведување на сите административни постапки во консолидационата постапка.

### Прва процена на вредноста на земјишните парцели

√ Во **декември 2020 г.** направена е **прва процена на вредноста на земјишните парцели на секој учесник во консолидацијата во Трн.** Ова е првиот чекор во планирањето на распределбата на земјиштето и претставува **основа за планот за распределба** која треба да обезбеди **фер и транспарентна распределба на земјишните парцели за секој учесник во консолидацијата.**

√ Првата проценка се прави **на постоечката состојба на парцелите.** Со неа се одредува **вредноста на секоја парцела во консолидационото подрачје**, преку одредување на нејзиниот **производствен капацитет**.

√ Процената ја спроведе **овластен проценител**, согласно Законот за процена и Методологијата за процена на средствата во земјоделството, којашто произлегува од Законот.

√ Резултат на оваа активност е **Извештај за процена на вредноста на земјиштето** подготвен од страна на овластениот проценител.

### Јавен увид на првата процена на земјишните парцели

√ Во периодот **14 – 28 декември 2020 г.** во просториите на МЗШВ – Подрачна единица Битола и МЗШВ Скопје (Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели), Извештајот од спроведената прва процена на вредноста на земјиштето во Трн беше ставен на **Јавен увид** на секој учесник во консолидацијата.

√ За време на јавниот увид, **секој учесник во консолидацијата имаше право да поднесе писмена забелешка**, да побара **повторна процена** на вредноста или **објаснување** на постапката за извршената процена, т.е за добиената вредност на неговите/нејзините земјишни парцели.

√ По јавниот увид, Комисијата за консолидација за Трн го прифати Извештајот за процена на вредноста на земјиштето како конечен.

√ Врз основа на процената на вредноста на земјиштето, се изготви **Мапа на процена на вредноста на земјиштето**, која ја претставува сегашната монетарна вредност на парцелите во консолидационото подрачје.

Врз база на извештајот од првата процена како и прелиминарниот план за интервенции во земјоделската инфраструктура, беа спроведени низа активности (одредување на вредносни зони, формирање на т.н. земјишни блокови, договарање на основните принципи по кои ќе се распределува земјиштето итн.) со цел да се овозможи фер и транспарентна распределба на земјиштето во консолидационото подрачје Трн.

Овие активности и калкулации имаат за цел да осигураат дека е исполнет **основниот принцип на консолидацијата - секој сопственик да излезе од консолидационата постапка со најмалку истата вредност на земјиште со која влегол во процесот** (единствени отстапувања од влезната вредност може да се појават во висина не повеќе од 5% по сопственик, само за потребите на изградба на земјоделска инфраструктура, ако нема доволно државно земјиште во консолидационото подрачје).

## Подготвен прв Нацрт План за распределба на земјиштето во Трн

√ Во **отворен и транспарентен процес**, кој вклучуваше консултација и интензивни директни средби со сите сопственици на земјиште, подготвен е првиот Нацрт План за распределба на земјоделското земјиште во Трн.

√ **Планирањето на распределбата е спроведено според принципи** договорени со Одборот на учесници, кои во основа ги содржат следните елементи:
  - Бројот на ново-формирани парцели по сопственик да биде што е можно помал;
  - Формата на ново-формираните парцели да е колку што може поправилна;
  - Локацијата на ново-формираните парцели да биде:
    - а) кадешто се наоѓа најголемата или најпосакувана парцела на сопственикот;
    - б) кадешто најмногу се концентрирани сегашните парцели на сопственикот;
    - в) комбинација од двата горенаведени пристапи.
  - Пристапот до инфраструктурата и поставувањето во однос на останати фиксни објекти во подрачјето (столбови, трафостаници и др), да се планира така што да се избегне евентуално негативно влијание врз земјоделското производство.

√ Првиот Нацрт План за распределба на земјиштето во Трн е предмет на **Јавен увид** на сите сопственици на земјиште во септември 2021 година.


©FAO

## Тековни активности за консолидација на земјиште во Трн

### Финализирање на Идеен проект на земјоделската инфраструктура во Трн

√ После јавниот увид на првата процена на земјиштето, паралелно со подготовката на првиот Нацрт план за распределба на земјиштето, започна да се подготвува **Идеен проект на изградба на нова и обнова на постојната земјоделска инфраструктура во Трн** (нови пристапни патишта до новоформираните парцели, обновување на постојните и изградба на нови канали за одводнување).

√ Елементите на Идејниот проект на земјоделска инфраструктура се **составен дел од Планот за распределба на земјиштето** во Трн, кој ќе биде предмет на усвојување од страна на Собранието на учесници.

√ Активноста е во завршна фаза и **се спроведува од страна на овластени геодети и инженери** од тимот на Гео Балкан, во координација со Комисијата на МЗШВ и тимот на ФАО.

### Втора процена на вредноста на земјиштето

Со финализирање на првиот Нацрт план за распределба на земјиштето во Трн, се изврши и втора процена на вредноста на земјишните парцели – овојпат на новата состојба прикажана во првиот Нацрт план за распределба на парцелите.

### Јавен увид на втората процена на вредноста земјиштето и на првиот Нацрт План за распределба на земјиштето

√ Во периодот од 6 до 20 септември 2021 г. се одржа **Јавен увид** на **втората процена на вредноста на земјиштето** во консолидационото подрачје Трн и на **првиот Нацрт план** за распределба на земјиштето.

√ Јавниот увид се спроведе во просториите на МЗШВ – Подрачна единица Битола и МЗШВ Скопје.

## Претстојни активности за консолидација на земјиштето во Трн

→ **Подготовка на конечен Нацрт предлог план за распределба на земјиштето**

→ **Усвојување на конечниот Нацрт предлог план за распределба на земјиштето**

→ **Решение на МЗШВ за распределба на консолидационата маса во Трн, во согласност со изгласаниот План за распределба на земјиштето**

→ **Регистрација на новата состојба на парцелите во Катастарот на недвижности**

→ **Околчување на ново-формираните парцели**

## Временска рамка




## КОНТАКТИ

***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство***
Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели
Ул. Аминта Трети 2, 1000 Скопје
тел . 02 3134 477 (локали 109,110,111)
е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Веб: www.mzsv.gov.mk

***Проект “Воведување на национална програма за консолидација на земјиште (MAINLAND)”***
Ул. Аминта Трети 5, 1000, Скопје
тел. 02 3220 888
е-пошта: FAO-MK@fao.org
Веб: www.fao.org/in-action/mainstreaming-national-land-consolidation-programme/mk

***Геодетска компанија “Гео Балкан Дооел Битола”***
Бул. Питу Гули бр. 47 Б, Битола
тел.: 075 453 193 (Виолета Југовска); 072 239 239 (Никола Главинче)
е-пошта: geo_balkan@yahoo.com

**Овој билтен е изготвен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој билтен е единствена одговорност на ФАО и во ниту еден случај не треба да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.**